# МИСИОНСКИ
# ПРОПОВЕДИ






ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 5 октомври 2024*

## ЉУБОВТА И ЧОВЕЧКИТЕ ПРАВА

*„Не се однесува непристојно, не го бара своето, не се раздразнува. Не држи сметка за зло“* (1. Коринќаните 13,5).

Читајќи ги зборовите запишани во 1. Коринќаните 13,5, на прв поглед можеме да заклучиме дека поради љубовта не треба да ги штитиме нашите права и својот имот. Ако вака ги разбереме зборовите што ги читаме, можеме да станеме жртви на неправда.

Правдата бара секој да го добие она што го заслужува. Секогаш кога „го бараме своето“, ние се повикуваме на правдата. Небесната љубов нè одвраќа од тоа. Дали ова значи дека вистинската љубов нè спречува да ги оствариме нашите права? Дали божествената љубов, во животот на христијанинот кој вистински љуби, е на страната на правдата или не?

**Дали имаме љубов кога бараме правда?**

Во целото Свето Писмо, Божјото барање за правда одекнува јасно и силно: *„Стреми се кон самата правда, за да живееш долго и за да ја заземеш во сопственост земјата што Господ, твојот Бог, ти ја дава“* (5. Мојсеева 16,20). Додека живееле во ветената земја, целиот Израел требало да ја почитува оваа заповед. Во Божјиот народ, правдата требало да биде начело. На другиот крај на историјата за спасението се наоѓа новата ветена земја – Земја каде лично Бог ќе биде Господар. Пишувајќи за Новата Земја, апостол Петар не ја опишува правдата како заповед, туку како ветување: *„А ние, според Неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја, во кои пребива правдата“* (2. Петрово 3,13). Библиските пророштва го претскажувале доаѓањето на Месија, кој ќе го воспостави Божјето Царство, чие основно начело на владеење ќе биде правдата: *„Неговата власт ќе се шири надалеку и не ќе има крај на мирот над Давидовиот престол, над неговото царство: ќе го зацврсти и ќе го утврди во правина и во праведност. Отсега и довека ќе го направи тоа приврзаната љубов на Господа над Воинствата“* (Исаија 9,7). Исполну-

вањето на Божјото ветување е одговор на тежнеењето на човештвото за правда.

**Љубовта која доаѓа од праведниот Бог ја „бара“ правдата**

Бог бара правда, затоа што при создавањето на човекот му ги подарил сите права. Секое човечко суштество е создадено според Божјиот облик и го носи во себе ликот на својот Создател. Од овие причини, треба да се почитуваат правата на другите луѓе. Никому не му се потребни правни документи врз основа на кои би докажувал кои права ги има. Затоа нелогично е да се помисли дека Божјата љубов ги укинува човековите права, бидејќи тоа во исто време би значело и укинување на правдата.

Љубовта која доаѓа од праведниот Бог ја „бара“ правда. Љубовта не е потполна додека не видиме дека нашиот ближен ги остварил правата кои му припаѓаат. Навистина, љубовта е подготвена да направи многу. Погрешно е да се каже дека оној кој љуби треба да ја занемари правдата. Како би можеле да ги исполниме потребите на нашите ближни ако не сакаме да ги остварат правата што им припаѓаат?

Треба да запомниме дека текстот за љубовта во 1. Коринќаните не истакнува дека љубовта нè ограничува во барањето на своите права. Тоа е основната разлика. Кога се во прашање туѓите права, љубовта нè обврзува и не можеме да останеме рамнодушни и пасивни, но кога се во прашање нашите права, љубовта нè повикува „да не го бараме своето“.

Зошто тогаш љубовта и правдата се во конфликт кога треба да заземаат иста положба во срцето на човекот кој љуби? Ако сакаме да бидеме верни носители на Божјиот лик, дали треба да се откажеме од правдата? Зошто љубовта не се стреми да ја истера правдата и не го бара она што ѝ припаѓа?

Ако сакаме да одговориме на ова прашање, мора да ја согледаме разликата меѓу природата на човечката правда од природата на евенгелската правда. Љубовта не негира ничии права. Во исто време, Божјата љубов нè придвижува доброволно да се откажеме од она на што имаме право. Љубовта од божествено потекло со своја-

та сила прави да не ги бараме своите права. Смо ако цврсто решиме да се откажеме од она што ние мислиме дека неминовно ни припаѓа, божествената љубов може да стане дел од нашиот живот.

Божјата љубов нѐ наведува доброволно да се откажеме од она што мислиме дека по правда ни припаѓа.

Ова доброволно откажување, на кое нѐ обврзува текстот за љубовта во 1. Коринќаните 13, ни изгледа чудно. Сосема е природно за човекот да го бара своето. Не мораме да го учиме детето да вреска кога некој ќе му ја земе играчката.

Како што растеме, учиме да им препуштиме на цивилните власти да викаат наместо нас. Колкумина меѓу нас би одбиле да земат автомобилско осигурување, во случај на сообраќајна несреќа со автомобил? Кој христијанин, како деловен човек, нема да им испрати сметка и да бара наплатување од неговите должници? Социјалниот систем на општеството во коешто живееме, нѐ обврзува „да го бараме своето“.

Ни се наметнува прашањето: Дали љубовта го осудува барањето на своите права? Дали навистина имаме љубов само тогаш кога ќе дозволиме да станеме плен на гладните волци? Дали врз основа на принципите на вистинската љубов треба да се откажеме од нашите права?

**Љубовта е проникслива**

Да бидеш готов да ги жртвуваш своите права е едно, а да знаеш „кога“ да го направиш тоа е сосема нешто друго. На љубовта ѝ е потребен дарот на проникливост и остроумност, за да знае кога е вистинското време да се откаже од своето право. Потребни ѝ се проникливост и способност за да ги согледа околностите далекосежно и подробно. Должни сме добро да ја процениме ситуацијата и да препознаеме зошто нешто треба или не треба да се направи. Испреплетена во секојдневните случувања во нашиот живот, љубовта треба да нѐ насочува кон борба за доброто на другите и постојана готовност да помогнеме.

Проникливоста ја добиваме кога ја бараме во молитва: *„Затоа и ние од оној ден кога го чувме тоа, не прекратуваме да се молиме за*

*вас и да просиме да се исполните со познавање на Неговата волја во секоја мудрост и духовно разбирање*“ (Колошаните 1,9). Овој дар на проникливост може да ни го даде само Бог. Светото писмо јасно ни открива дека не можеме да се надеваме во самите себе кога треба да процениме некоја ситуација: „*Поизмамливо од сè е срцето, и е страшно болно, кој може да проникне во него?*“ (Еремија 17,9) Кога се молиме ја добиваме потребната мудрост и проникливост; а кога ќе ја добиеме проникливоста, тогаш треба да собереме храброст да ја употребиме.

Меѓу сите припадници на Божјото царство владее законот на самооткажување. Во Божјото царство владее совршена хармонија помеѓу љубовта и правдата. Таму никој не се бори за своите права и никој не ги обезвреднува туѓите. Меѓутоа, сè уште не сме стигнале таму, но доаѓањето на Исуса Христа и Неговото царство се неминовност. Денес очајно ни е потребна искрена љубов за да заземеме правилен став во секоја ситуација и кон секоја личност.

Само во ова единство на љубовта и божествената мудрост христијаните можат да најдат објаснување за својот престој во царството на идната слава: „*Тогаш Царот ќе им рече на оние од десната страна: ’Дојдете, благословени од Мојот Татко, и примете го во наследство Царството, кое ви е приготвено од создавањето на светот! Зашто огладнев и Ми дадовте да јадам; ожеднев и Ме напоивте; бев странец и Ме примивте; бев гол и Ме облековте; бев болен и Ме посетивте; бев во темница и дојдовте при Мене.‘ Тогаш праведниците ќе Му одговорат и речат: ’Господи, кога Те видовме гладен и Те нахранивме; или жеден и Те напоивме? Кога Те видовме како странец и Те примивме? Или гол и Те облековме? Кога те видовме болен или во темница и дојдовме при Тебе? А Царот ќе им одговори: ’Вистина ви велам, доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте*‘“ (Матеј 25,34-40).

Сите кои ја очекуваат Новата земја треба на дело да покажат хармонија меѓу љубовта и правдата. Ако не го сторат тоа, никогаш нема да стигнат таму. Хармонијата меѓу љубовта и правдата, која е основа на небесниот поредок, мора да стане дел од нашиот живот и животот на нашата заедница уште денес и овде. Оваа хармонија може да се оствари само со силата на љубовта која доброволно и

свесно се жртвува за доброто на другите. Кога во нашето срце владее божествената љубов, исчезнува барањето да ги оствариме своите права Апостол Петар, во свое име и во името на останатите ученици, изјавил: *„Тогаш Петар одговори и Му рече: 'Еве, ние оставивме сè и тргнавме по Тебе...“* (Матеј 19,27). Апостол Павле имал ист став за хармоничниот однос меѓу љубовта и правдата: *„Без сомнение, тоа е за сите вас неуспех, дека имате парници помеѓу себе. Зошто порадо не ја претрпите неправдата? Зошто порадо не ја прежалите штетата?“* (1. Коринќаните 6,7). Ние имаме за цел да станеме слични на Господа Исуса: *„За да Го познаам Него, и силата на Неговото воскресение, и учеството во Неговите страдања, грижејќи се мојата смрт да биде слична со Неговата; Затоа, сметам дека и сè друго е загуба спрема преважното познание на Христос Исус, мојот Господ, поради Кого се одреков од сè, и сè сметам за отпад, само за да Го придобијам Христос* “ (Филипјаните 3,10.8).

**Божествената љубов во нашиот живот прави да се откажеме од своите права кога тоа е потребно**

Можеме да кажеме дека најголемата неправда под сонцето му е направена на Исуса Христа. Тој доброволно ја прифатил неправдата кога решил да дојде на оваа Земја во која владеат гревот и неправдата и ја поднел нашата осуда на смрт. Зошто ја прифатил ваквата пресуда? Зошто поради нашиот „пекол“ се откажал од Небото? Спасителот го сторил тоа затоа што нè љуби: *„Зашто Бог толку го возљуби светот“* (Јован 3,16). Исусовиот живот и смрт ја откриваат вистинската љубов која се дава себеси за среќата на другите, без оглед кои се тие „други“. Ова никогаш нема да можеме да го сфатиме во потполност, но ве повикувам да дојдеме под крстот и да набљудуваме како љубовта и правдата постигнале совршена хармонија. Како вистински христијани, повикани сме да му ја покажеме на светот таинствената хармонија на љубовта и правдата, на тој начин што ќе го носиме Христовиот крст (*„Тогаш Исус им рече на Своите ученици: 'Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себеси и нека го подигне својот крст и нека Ме следи'“* Матеј 16, 24).

Љубов... *Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос, Кој, иако беше во Божји лик, не сметаше дека*

*треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; 8 Сам Себе се понизи, послушен сѐ до самата смрт, смрт на крст.*“ (Филипјаните 2,5-8).

Ве повикувам уште еднаш да дојдеме под крстот и да видиме како, таму на крстот, љубовта и правдата постигнале совршена хармонија. Заради моето и твоето добро Исус се откажал од сѐ. Заради нашата среќа и среќата на нашите ближни, вреди да се откажеме од нашите права кога е тоа потребно. Вреди да сакаме.

*Сабота, 2 ноември 2024*

## МИСИЈАТА НА АДВЕНТИЗМОТ: ЗНАЧЕЊЕ НА ТРОЈНАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ ЗА ДЕНЕШНОТО ВРЕМЕ

Прочитајте: **Откровение 14,6-12**

Дали основањето на Христијанската адвентистичка црква во средината на деветнаесеттиот век било оправдано? Протестантизмот веќе бил поделен на многу вероисповеди? Што е тоа што го прави подемот на адвентизмот единствен, оправдан и истакнат во однос на другите вероисповеди? Дали појавувањето на уште една христијанска вероисповед создава понатамошна конфузија во умот на луѓето?

Секој адвентист на седмиот ден порано или подоцна мора да се соочи со прашањето за идентитетот. Зошто сум адвентист? Која е нашата мисија? Каква е разликата меѓу нашата мисија и мисијата на другите христијански вероисповеди? Одговорите на овие прашања зависат од толкување на нашето потекло и нашата историја.

Оваа проповед ќе се обиде да даде одговор на овие прашања со анализа на пораката на тројцата ангели од Откровение 14 глава. Ќе го покажеме значењето на оваа порака за проповедањето на вечното евангелие во последните денови од земната историја. Веруваме дека објавувањето на оваа порака пред второто Христово до-

аѓање е една од најважните одлики на Адвентистичката црква. Оваа порака е дел од нашата мисија.

Адвентистичката црква произлегла од верското движење водено од страна на Вилијам Милер (1782-1849). Идеологијата на тоа движење била замислата за поставување одреден датум за Христовото второ доаѓање на земјата. Датумот бил одреден врз основа на толкувањето на пророштвото од Даниел 8,14: „*Одговори: 'Уште две илјади и три стотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено*'."

Ништо не се случило оној ден што го определиле Милеровите следбеници. Многумина од нив доживеале длабоко разочарување. Додека во таквата безнадежна ситуација се моleле за Божјето водство, откриена е најважната библиска вистина која ја одредила теологијата на идната Адвентистичка црква. Ова откровение и понатамошно проучување довело до заклучок дека „светилиштето" во Даниел 8,14 не се однесува на Земјата, која, според Милер, било потребно да се исчисти со оган, туку на настан во небесното светилиште.

Пророчкиот период од 2300 вечери и утра во Даниел 8,14 се завршил со почеток на последната фаза на Христовата првосвештеничка служба во небесното светилиште. Користејќи ја аналогијата на земното светилиште, во која вториот дел, кој е познат како „Светиња над светињите", бил чистен еднаш годишно (3. Мојсеева 16,29-34), Христос како Првосвештеник почнал да го чисти вистинското светилиште на небото и во него влегол со својата сопствена крв („*А Христос откако се појави како Првосвештеник на идните добра и влезе низ поголем и посовршен Шатор, што не е направен со рака, односно која не е од оваа создавање, влезе еднаш засекогаш во Светињата над светињите, и тоа не со крвта на јарци и јунци, туку преку Својата крв, и ни прибави вечен откуп*" – Евреите 9,11.12). Овој ден бил антитип на земниот „Jom kipur", годишниот голем Ден на очистувањето, што во слободен превод значи „ден на прекривање". Според тоа, пионерите на идната Адвентистичка црква ја поврзале пораката на првата ангелска вест, „*дојде часот на Неговиот суд*" (Откровение 14,7) со исполнувањето на пророштвото од Даниел 8,14, односно, со чистење на небесното светилиште.

**Контекстот на пораката на тројцата ангели**

Друга важна точка на која адвентистите пионери обрнале внимание е контекстот на пораката на тројцата ангели во Книгата Откровение. Веднаш по оваа порака следи опис на Второто доаѓање и големиот небесен Жетвар кој го носи својот срп за да ја пожнее големата жетва на Земјата (стихови 14-16). Јован го опишува Жетварот кој *„на облакот седеше како Синот човечки"*, како Христос, кој е подготвен да дојде во својата слава на оваа земја поради последниот суд.

Пионерите адвентисти обрнале внимание на фактот дека ангелот, кој лета среде небото, го носи „вечното евангелие". Силната порака на тројцата ангели го претставува вечното евангелие – добрата вест која е упатена до човештвото непосредно пред второто доаѓање на Исуса Христа. Но зошто пораката на тројцата ангели користи толку необичен јазик? Зошто овие пораки содржат вознемирувачки слики? Причината се наоѓа во фактот дека во периодот пред Христовото доаѓање на Земјата бил потребен ваков јазик.

**Главните карактеристики на овој историски тек можат да се прикажат на следниот начин:**

* **Рационализмот.** Почнувајќи од 18. век, добата на просветителството, придвижено е создавањето на современиот човек, ставајќи акцент на независноста и способноста на умот да ги испита и разбере темите поврзани со конечноста и стварноста, избегнувајќи ја во тој процес врховната надмоќ на верата во животот на човештвото. Тој процес најпосле довел до воспоставување на т.н. позитивно знаење (наука), наместо негативно знаење (религија).

* **Секуларизмот** – световност. Уште од 19. век општеството станува сè посветовно и посветовно. Улогата на Бога во човечкиот живот сè повеќе и подлабоко се доведувала до сомнеж. Луѓето се наведени да мислат дека ја надминале својата состојба на зависност од Бога и дека Тој повеќе не им е потребен.

* **Материјализмот.** Кога вистините за постоењето на Бога и повикот на духовност се сведени на минимум или елиминирани, со човештвото почнал да доминира материјализмот. Со овој замав на доминацијата на материјализмот над свеста на човештвото и со елиминација на Божјата значајна улога во животот на луѓето, општеството

доживеало развивање на Нов век исполнет со антитеистички вредности, материјалистичка иднина и класни борби, што довело до развој на општествено-економските сили.

* **Комунизмот.** Средината и втората половина на 19. век означува процут на социјалистичките идеи во кои проектите за формирање на праведно општество се развивале преку револуционерни реформи. Општеството во многу делови на светот ја прифатило силата на социјалниот прогрес кој водел кон комунистички „рај", без какво било спомнување на Бога или на духовните димензии во животот.

* **Либерализација на протестантизмот.** Водечките протестантски цркви ја прифатиле либералната теологија, која ја поткопувала верата во од Бога вдахновената Библија и многу доктрини на христијанската вера ги изнесувала со рационален критицизам. Како резултат на тоа, Исус Христос станал само историска личност, немајќи никаква врска со Исуса Христа од Евангелијата.

* **Дарвинизмот.** Можеби најобесхрабрувачкиот предизвик за библиската вера и вредност, кој ја поткопувал самата срцевина на христијанското верување, се случило кон средината на 19 век кога науката објавила дека различните видови билки и животни настанале со природна селекција. Библиската вистина за создавањето на земјата е доведена во опасност, а Дарвиновата теорија на еволуција се појавила не само како критичен предизвик, туку и како прифатлива алтернатива.

Ова се само некои од одликите на новата доба, која е вистински предизвик за христијанската вера. Наспроти опишаните одлики на новата доба, треба да се објавува пораката на тројцата ангели. Вечното Евангелие од Откровение 14 глава, повикува на навраќање на суштинските вредности на библиската порака која се објавува од почетокот до крајот на човечката историја. Тоа објавување во овие последни денови добива нова сила.

Според тоа, кратката анализа на историската заедница кон средината на 19. век, ни помага да разбереме како пионерите на Адвентистичките цркви го сфатиле значењето на својата земна служба во пораката на тројцата ангели. Проповедањето на оваа порака

ја дефинирало идната христијанска адвентистичка црква. Во проповедањето на пораката на тројцата ангели, адвентистите нашле објаснување за своето појавување во арената на историјата. Адвентизмот не постои како само уште една вероисповед, создадена како резултат на раскол во веќе постоечка црква. Адвентистичката црква се појавила во текот на претсказаниот историски период за да ја објави најзначајната порака пред второто Христово доаѓање.

**Пораката на првиот ангел**

На пораката на првиот ангел има посебен акцент. Најпрво, вниманието го привлекува повикот на првиот ангел, *„Бојте се од Бога и подајте Му слава"*.

Стравот е една од емоциите кои го дефинираат човековото постоење. Исто така, интересно е да се забележи дека таканаречените научно-религиски студии кои настанале во 19. век како главен фактор во појавувањето на религијата, го нагласувале стравот. Таканаречените научници тврделе дека стравот предизвикал пораст на религиозна зависност од вишите сили. Но, ако го истражиме изразот „Бојте се од Бога" во неговиот контекст во Откровение 14, значењето станува многу појасно. По изразот кој предизвикува страв, следи повикот „подајте му слава". Да се плашите или боите од Бога значи да Му оддавате слава. Интересно е да се забележи дека таквиот паралелизам се појавува неколку пати во Книгата Откровение. На пример Откровение 15,4: *„Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи, и не ќе го прослави Твоето име?"*

Природно, се поставува прашањето: Што значи „подајте Му слава"? Потребно е да го примениме библиското значење на овие зборови на нашето стереотипно разбирање на прославувањето. Молитвата на Исуса Христа може да ни помогне во тоа: „Јас Те прославив на земјата, го свршив делото, што Ми го даде да го извршам" (Јован 17,4). Овде повторно гледаме пример на паралелизам. Да му се оддаде слава на Бога, најпрво значи да се исполни Неговата волја, да се заврши Неговата работа, да се покаже послушност и покорување кон Неговата волја. Според тоа, можеме да заклучиме дека повикот на првиот ангел да се „боиме од Бога", всушност значи да

ја послушаме и да ја исполниме Божјата волја, која ни е откриена во Неговите заповеди. Овој повик станува актуелен во векот на хуманистичките и секуларните вредности, во век во кој Бог е исклучен од човечкиот ум и од останатите работи. Овие зборови имаат посебно значење во време на постмодернизмот и релативистичкиот став кон животот, бидејќи секој морален стандард го прават релативен.

Последните зборови на првиот ангел се многу значајни: „*Поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори*". Овие зборови биле актуелни во средината на 19. век кога цел синџир на откритија во полето на геологијата и биологијата ставил предизвик пред фактот дека Бог го создал светот. Овие откритија биле почеток на сериозниот судир меѓу науката и христијанството.

Оттаму и актуелноста на пораката на првиот ангел: „*Поклонете Му се на Оној...*" Пораката ги повикува луѓето да размислат за своето потекло и за својата смисла. Библијата зборува за човековото потекло: „И Бог го создаде човекот според својот лик, ги создаде машко и женско" (1. Мојсеева 1,27). Прифаќањето на фактот дека човечките суштества се создадени според Божјиот лик, радикално може да го промени начинот на кој мажите и жените гледаат на самите себе.

**Пораката на вториот ангел**

Во контекст на она што претходно е споменато, пораката на вториот ангел станува појасна. Овој ангел го објавува падот на Вавилон: „*И друг, втор, ангел дојде по него, велејќи: 'Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство*'" (Откровение 14,8).

Не постои никаква директна поврзаност меѓу Вавилон во Откровението и историскиот Вавилон. Кога Јован ја напишал Книгата Откровение, Вавилон, каков што е опишан во книгата на пророкот Даниел, повеќе не постоел. Најверојатно Јован гледа нова верско-политичка сила во својата пророчка визија. Оваа сила, која Јован ја нарекува Вавилон додека размислува за историските пара-

лели, ќе му се спротивстави на Божјиот народ. Оваа сила ќе се претвори во безбожен систем, кој ќе ги интегрира сите лажни системи на богослужение и сите институции кои ја загрозуваат човечката слобода. Во текот на тоа време, вториот ангел два пати ќе го објави падот на Вавилон, пад кој се однесува на отпадот на верските тела. На крајот, Вавилон нема да го победи Божјиот народ, победата ќе ѝ припадне на Божјата вистина.

**Поракaта на третиот ангел**

Третиот ангел ги објавува последиците од „вавилонското блудство". Јазикот на овој ангел е силен. „*И самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев, што е налеано чисто во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур, пред светите ангели и пред Јагнето*" (Откровение 14,10). Јован користи јазик кој им бил познат на неговите современици: личноста која го доживеала Божјиот гнев била од страна на пророците во Стариот завет опишана како личност која пие вино од Божјата чаша (Јов 21,20; Псалм 60,3; Псалм 75,8; Исаија 51,17-23; Еремија 25,15-28; Езекиел 23,32-34).

Во „заводливата" политика на духовниот Вавилон, Јован го насочува вниманието на чинот на примањето на жигот на челото или на раката („*И друг, трет, ангел дојде по него, велејќи со силен глас: 'Ако некој му се поклони на Ѕверот, и на неговиот лик, и прими ознака на своето чело или на својата рака*'" – Откровение 14,9). Што значи овој жиг и како треба да го разбереме? Јован го користи грчкиот збор charagma што во негово време се однесувало на Цезаровиот лик на кованите пари, на царскиот печат на службените документи и на жигот со кој се обележувале животните.

Жигот на челото и на раката можеби е поврзан и со древниот израелски обичај, кога во текот на молитвата, тефилин и филатерија, мала кожна кутија со извадоци од Тората (2. Мојсеева 13, 1-10; 5. Мојсеева 6,4-9; 11, 13-21), се врзувала на челото и рацете. Овој ритуал го покажува свесното прифаќање на Божјата волја изразена преку Неговите заповеди (врзување на челото) и подготвеноста да се исполни Неговата волја во човековиот живот (врзување за рака).

Печатот на ѕверот на челото и на раката претставува авторитет на отпаднатата црква, заменување на Божјиот праведен стандард со човечките стандарди. Затоа една од најважните карактеристики на Божјиот верен народ е држењето на Неговите заповеди („Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса" – Откровение 14,12; „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво" – 12, 17).

Веста на тројцата ангели нагласува една од Десетте заповеди. Почитувањето има посебно значење во борбата меѓу доброто и злото. Во пораката на првиот ангел (Откровение 14,7) која зборува за вистинското богослужение, Јован нагласил: И зборуваше со силен глас: „*Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори.*" Овде постои и јасна алузија на четвртата заповед на Божјиот закон: „*Помни го саботниот ден за да го осветуваш … Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сѐ што е во нив, а на седмиот ден се одмори. Затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден*" (2. Мојсеева 20,8.11).

Саботата имала многу важна улога во богослужението на Божјиот избран народ. Во старозаветно време празнувањето на саботата подразбирало надеж на народот во идното избавување, месијански мир и благосостојба. Саботата, како што Израелците ја разбирале, била поврзана не само со Создавањето, туку и со спасението, ослободувањето и откупувањето. Саботата служела како знак на завет меѓу Бога и Неговиот народ (2. Мојсеева 21,13.17).

Тоа ни помага да разбереме зошто пионерите на нашата црква го ставиле „седмиот ден" во името на црквата. Името „Адвентисти на седмиот ден" има важно значење. Тоа одразува два става кои го проникнуваат нашиот идентитет. „Седмиот ден" укажува на посветеноста на верниците кон Бога, Создателот на сѐ што е живо, Оној што го одржува човекот во живот и му ја дава вистинската смисла на човековото постоење исполнувајќи го со надеж.

Подеднакво важен е и вториот дел од името на црквата. Зборот

Адвентисти укажува на второто доаѓање на Исуса Христа. Мораме да нагласиме дека ова е библиски став (Јован 14,1-3; Дела 1,10.11; 1. Солуњаните 4,13-18).

Според Библијата, Бог еден ден ќе му стави крај на присуството на гревот и ќе ја врати хармонијата на овој свет („*И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море немаше веќе. Тогаш јас, Јован, го видов Светиот Град – Новиот Ерусалим, како слегува од небо, од Бога, стокмен како невеста, која е украсена за својот маж. И чув силен глас од небото, велејќи: 'Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив, и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина. И Оној, Кој седи на престолот рече: 'Ете, правам сè ново'. Уште рече: 'Напиши, зашто овие зборови се верни и вистинити!'*" – Откровение 21,1-5).

Според тоа, името „Црква на адвентистите на седмиот ден" сведочи за два големи настана во историјата на светот – создавањето на вселената на почетокот и создавањето на новото небо и новата земја за време на второто Христово доаѓање. Овие два настана – почетокот и крајот – се алфа и омега на земската историја. Навистина, овие два настана, сосредоточени на Христа, прават Тој да објави: *„Јас Сум Алфа и Омега, почетокот и крајот – вели Господ Бог, Кој е и Кој беше и Кој иде – Семоќниот"* (Откровение 1,8).

**Заклучок**

Заклучувајќи ја содржината на пораката на тројцата ангели во Откровение 14, мораме да ја забележиме важноста на оваа порака во формирањето на мисијата на црквата. Пионерите на нашата црква не случајно нагласиле дека пораката на тројцата ангели во Книгата Откровение се става во контекст на Второто Христово доаѓање. Проповедта за „вечното евангелие", преку пораката на тројцата ангели, станува суштина на мисијата на црквата. Оваа проповед станува програма на младата Адвентистичка црква. Црквата на адвентистите на седмиот ден не е формирана како резултат на раскол во веќе постоечка вероисповед. Наместо тоа, таа е фор-

мирана преку консолидација на претставниците од различни вероисповеди околу величествената порака која треба да се објавува сè до Второто доаѓање. Оваа порака ги одразува тенденциите кои се карактеристични за историската ера која започнала во деветнаесеттиот век. Адвентистите ја препознале важноста на оваа порака за денешното време. Проповедањето на оваа порака го дефинирало карактерот на црквата.

Мора да забележиме дека суштината на пораката на тројцата ангели, која се објавува пред Второто доаѓање е богослужението. Според тоа, писателот на Книгата Откровение споменува две групи на обожаватели. Едната група го обожава Бога, Оној *„Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“*, а другата група го обожава ѕверот и неговата икона. Едната покажува послушност кон Бога и ги исполнува Неговите заповеди (*„И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“* – Откровение 12,17; *„Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“* – 14,12), а втората учествува во гревот со духовниот Вавилон (*„со која блудствуваа земните цареви, а жителите на земјата се напија од виното на нејзиното блудствување“* – Откровение 17,2). Едната конечно ќе се одмори во Бога (*„Чув глас од небото, што ми велеше: ‚Напиши: Блажени се мртвите, кои отсега умираат во Господа. ‚Да,‘ вели Духот, ‚нека починат од своите трудови, зашто нивните дела одат по нив‘“* – Откровение 14,13), додека другата нема да се одмори „ни дење ни ноќе“ (Откровение 14,11). Пораката на тројцата ангели ги повикува сите верници да ја изберат страната во големата борба меѓу доброто и злото, меѓу вистината и лагата.

Ајде уште еднаш да обрнеме внимание на изразот *„дојде часот на Неговиот суд“*. Зборот „суд“ е преведен од грчкиот збор „krisis“. Овој збор значи „судски процес“ (видете Откровение 16, 7; 18,10; 19,2), додека другиот збор „krima“ значи „осуда“ или „пресуда“. Навистина живееме во време на криза – економска криза, финансиска криза, енергетска криза, прехранбена криза, еколошка криза, морална криза, духовна криза и така натаму; сите тие се дел од денешниот живот. Времето на Второто доаѓање е блиску, носејќи го со

себе „krima", времето за осуда. Затоа, многу е важно да учествуваме во проповедањето на најголемата порака на Светото писмо. Тоа е наша должност и предност – суштина на нашата мисија.

*Сабота, 7 декември 2024*

## ИДНИНАТА КОЈА Е ПРЕД НАС

Пред нас како црква стои голема иднина чиј предизвик не смееме да го потцениме. Кои сили треба да дозволиме да нѐ обликуваат додека гледаме како ветената иднина се исполнува пред наши очи?

Постојат сили внатре во Христијанската адвентистичка црква насекаде во светот кои ја обликуваат и постојат сили надвор од црквата кои влијаат на неа и кои ја менуваат. Нашата црква треба да биде отворена за другите луѓе. Прашањето е кои граници ќе ги поставиме за да го зачуваме нашиот глобален идентитет? Кои сили ќе нѐ водат во иднина и ќе ја одредат нашата насока?

Знаејќи дека секое човечко суштество со коешто се сретнуваме е предмет на Божјата спасоносна љубов, мора да се движиме храбро кон иднината. Прецизното познавање на она што Бог го бара во одредена култура и ситуација ни помага луѓето да ги упатиме кон Бога и кон спасението што Тој го нуди.

А. Сили кои влијаат на нас и нѐ обликуваат

**1. Забрзаниот раст**

Забрзаниот раст на црквата, во своето раководење и во начинот на кој ѝ служи на поширокатa заедница, прави таа да биде повеќе локализирана, а според тоа и децентрализирана. Напредувањето, како бројчено така и територијално, претставува предизвик на досегашниот стил на раководење, кој потекнува од централна управа, како што се Генералната конференција или дивизијата. Можеби ваквиот централизиран пристап на организација и раководење веќе не може да се применува. Дали сме подготвени да се соочиме со

овој предизвик? Забрзаниот раст и ширење, покрај преместувањето на „тежиштето“ на организацијата и раководењето, исто така може да влијае на единството на глобалната црква.

**2. Контекстуализација во адвентизмот**

Нашите верувања постојано се филтрираат низ призма на културата и преку различни општествени токови кои навидум прават адвентизмот да изгледа малку поинаку од едниот дел на Земјата до другиот дел. Колку успеваме во настојувањето во овој процес да не се промени суштината на она што претставува самиот адвентизам?

Контекстуализацијата, под која мислам на тоа дека пораката треба да биде културолошки прилагодена, е неизбежен процес. Од никого не се бара да ја напушти својата сопствена култура за да стане адвентист. Нашата историја и нашата култура го обликуваат нашиот живот. За она што сме денес, заслужна е нашата култура. Затоа не можеме и не смее да ја отфрлиме. Според тоа, во соодветни граници, мора да дојде до контекстуализација.

Советот на Духот на пророштвото е јасен: „Секоја земја и секој народ има свои изразити обележја, па неопходно е оние што работат таму да бидат многу мудри и вешти за да знаат да се прилагодат кон тие посебни услови и ставови. Така ќе се создаде можност да им помогнат на луѓето укажувајќи им на вистината која е откриена во Светото писмо. Работниците за Бога треба да се способни да ги сфатат и ги исполнат потребите на луѓето во тој конкретен народ“ (*Testimonies to Ministers,* стр. 213).

Ние мора внимателно да ја претставиме адвентната порака на таков начин што ќе биде прифатлива за луѓето, бидејќи капацитетот на некоја личност да ја разбере и да ја прифати вистината е обликувана и условена од општеството и од културата на која ѝ припаѓа.

**3. Менување на демографијата внатре во црквата**

Нашата црква со времето станува „помлада“ и „понова“, и во овие подрачја, каде што црквата забрзано расте (јужната хемисфера), таа ги поприма карактеристиките на „јужното христијанство“. На „постарата“ црква („северната хемисфера“) повеќе влијае секуларизмот, „духовниот релативизам“, модернизмот и низа други

културолошки појави кои црквата сè повеќе ја водат во погрешна насока и прават таа да станува сè полиберална. Како да се соочиме со овој предизвик и како да ја решиме оваа неизбежна напнатост што ја создава опишаниот тренд?

Решението треба да содржи искреност, понизност, разбирање, културолошка толеранција и љубов, кои се клучни за единството на црквата. Единството треба да се изградува плански и елементите кои го чуваат единството мораат да се негуваат и да се унапредуваат.

„Помладата“, „понова“ Христијанска адвентистичка црква е конзервативна. Како да се однесуваме кон неа? Не можеме да ја заобиколиме ниту да ја занемариме. Најпрво, да ја обучиме и да ја оспособиме најдобро што можеме за да ги усвои вредностите и идентитетот што адвентизмот ги развил во текот на историјата. Второ, верувајте во неа и верувајте во Господа. Тоа се чекорите кои мораме да ги преземеме.

**4. Глобализмот**

Иако е вистина дека црквата станува сè повеќе локална и децентрализирана, наглото ширење на идеите, искуствата, вестите и очекувањата, дејствуваат наспроти тој тренд. Интернетот и интернационалните медиуми многу придонесуваат кон оваа појава.

Глобализацијата исто така довела до големи миграции, без оглед на тоа дали тоа било поттикнато од поплавата од бегалци од војните или барање пат за излез од сиромаштијата во подобар живот. Милиони луѓе постојано се во движење.

Процесот во кој светот стана како едно големо село, во некои делови од светот се одвива со забрзано темпо. Голем број етнички цркви денес се дел од нашето глобално семејство. Иако тие се наоѓаат далеку од својот дом, кој може нив да ги обвинува затоа што сакаат да имаат подеднаков удел во животот на црквата во местото каде сега живеат? Глобализацијата е стварност која пред нас става предизвик на кој мора да одговориме чесно и без предрасуди.

Додека се соочуваме со иднината, она што постојано мора да го имаме предвид е дека ние сме мисионска организација; движење кој има јасен мисионски налог. Нашата верност кон извршување-

то на нашата од Бога дадена мисија, ќе го одреди нивото на нашата верност кон Бога. Ако не живееме извршувајќи ја задачата која е во самата суштина на она што сме како црква, со време ќе исчезне и причината и смислата на нашето постоење. Да бидеме обединети во мисијата!

**Б. Кои принципи ќе ни помогнат сигурно да тргнеме напред кон иднината и ќе спречат да го изгубиме својот идентитет?**

**1. Светото писмо**

Какви и да се вредностите што ги прифаќаме и ги промовираме, тие мора да бидат библиски. Божјата реч, Светото писмо е единствениот и авторитативен извор на спасоносната вистина. Апсолутно сигурните принципи кои безбедно ќе нè одржат на правиот пат, секогаш мора да бидат втемелени на вистините на Светото писмо.

Оној момент кога ќе ги занемариме принципите откриени во Писмото, нашата борба со предизвиците на контекстуализација ќе стане опасна. Без насоките на Божјата реч, црквата ќе се соочи со предизвици кои од неа ќе бараат да биде „флексибилна“, „разумна“, помалку догматска, помалку авторитативна и апсолутна, подготвена за компромис, отворена – но на некој недефиниран начин.

Постојат опасни бездни од двете страни на патот. Ако отстапиме од принципите откриени во Писмото, сигурно ќе застраниме и ќе паднеме во некоја од нив.

**2. Исус Христос**

Исус Христос мора недвосмислено да се препознае и да се признае како наш единствен сигурен пат. Оној кој за себе рекол: „*Исус му рече: ’Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене*‘“ (Јован 14,6), и кој го довел Петар до признание, „*Симон Петар одговори и рече: ’Ти си Христос, Син на живиот Бог*‘“ (Матеј 16,16), мора да им биде претставен и да им се објавува на луѓето како Единствениот кој може да нè поведе од оваа Земја кон Новата земја.

Како што Светото Писмо неизбежно го води поединецот кон Исуса Христа, така и секоја активност, проект и акција на Христијан-

ската адвентистичка црква мора да му помогне да го запознае и да го прифати Исуса Христа како Спасител. Христоцентричноста во сите активности мора да биде јасен знак по кој ќе нè препознаваат во нехристијанското опкружување, како и во постхристијанските делови на светот. Било кој „бренд“ на адвентизам кој во својот центар го нема Исуса Христа, кој не Го признава и не Го издигнува, не треба да добие место внатре во адвентистичката заедница.

**3. Отворен ум**

Бидејќи сме само луѓе, ние мора понизно да признаеме дека не знаеме сè. Понизноста ќе ни помогне да имаме отворен ум да откриваме додека се стремиме кон подобро и појасно разбирање на вистината.

Духот на пророштвото постојано нè советува дека треба да истражуваме. На пример: „Бог бара од нив (од Божјиот народ) постојано да напредуваат во познавањето на вистината и на патот на светоста“ (*Testimonies for the Church,* vol. 1, p. 345). Времето што е пред нас ќе бара од нас да имаме отворен ум. Водени од Духот, го бараме патот по кој Тој сака да нè поведе. Ова мора да се препознае како основен наш став, без оглед на ризиците. Алтернатива е да престанеме да истражуваме, но тоа не е прифатливо.

**4. Отфрлање на релативноста**

Не смееме да ги доведуваме во компромис вредностите на Светото писмо. Релативноста на нашиот постмодерен свет немилосрдно ќе нè турка да бидеме сè поприлагодливи и да ја проповедаме пораката која ќе го привлекува мнозинството.

Мора да бидеме мошне јасни во ставот дека нашите вредности и вредностите на црквата не сме ги создале ние. Тие ни се дадени. Во нашето срце и во нашиот ум ги всадува Светиот Дух и само на таа основа нашето искуство може да биде автентично. Исус Христос за Светиот Дух рекол: „*А Утешителот, Светиот Дух, Кого Татко Ми ќе Го испрати во Мое име, ќе ве научи сè и ќе ве потсети на сè што ви реков*“ (Јован 14,26).

**5. Мисијата е приоритет**

Христос им рекол на своите следбеници: „*Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во*

*Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата*“ (Дела 1,8). Нашето движење има своја мисија. Мисијата мора да биде јасно обележје и наш двигател. Мисијата мора јасно да ги придвижува и насочува одлуките што ги донесуваме на сите нивоа на црковната администрација, на состаноците на одборите во нашите институции и во локалната црква. Мисијата треба да биде прва на агендата кога ги планираме и употребуваме нашите средства. Јазикот на мисијата мора да биде присутен во црковната заедница. Ако мисијата не е основна цел, тогаш сите наши одбори и состаноци на сите црковни нивоа може да биде само изгубено време.

**6. Чувствителноста кон страдањето**

Уште еден важен принцип е исполнување на потребите на сиромашните, болните, бегалците и несреќните. Ова мора да биде видлива вредност на нашата мисија и прва тема на агендата на секој одбор. Ако не предводиме или не сме дел од движење кое им помага на луѓето кои имаат потреба, тогаш сигурно е дека сме скршнале од патот. Христос јасно рекол дека ќе нè смета за одговорни за нашето постапување кон оние чиишто потреби се поголеми од нивните можностите (Матеј 25,31-46).

Служејќи, црквата покажува дека мисијата е повеќе од изговорени зборови; дека постои континуитет меѓу напорите да им помагаме на луѓето овде и сега за да живеат подобро и да им помагаме на луѓето во нивната подготовка за вечната иднина.

**7. Прифаќањето на разновидностите**

Како што нашата црква расте во секоја култура, раса и националност, мора да работиме многу повеќе отколку во минатото, препознавајќи ги и користејќи ги различностите на луѓето. Оние кои ја делат верата во Христа, откриваат дека Тој е голем Обединител на сите верници (Галатјаните 3,26-29).

Според тоа, тоа што ги сфаќаме и ги цениме луѓето и нивните вредности, кои се разликуваат од нашите и кон нив се однесуваме со почит и разбирање, станува принцип кој ќе ја насочува и ќе биде видливо глобално обележје на нашата црква. Интернационалноста и етничката разновидност во нашите заедници мора да се одразува во довербата што ја имаме едни спрема други. Ова нема

да се случи само од себе, туку бара правилни одлуки.

**8. Посветеноста на единството**

Единството на Христијанската адвентистичка црква, духовно и структурно, локално и глобално, е принцип кој ќе нè води на нашиот пат кон иднината. За време на последните мигови што ги поминал Христос со учениците пред Гетсиманија, оваа тема му била најважна. На посебен начин, единството на верата која ги поврзува верниците е утврдено во единството што Христос го има со Отецот (Јован 17,20-23). На тоа единство му пристапуваме преку Светиот Дух (Ефесјаните 4).

**9. Очекувањето на второто Христово доаѓање**

Ние сме заедница која живее во очекување на второто доаѓање на нашиот Господ. Чекањето треба да биде принцип кој го проникнува нашиот идентитет. Поминливата природа на овој свет, сигурноста за Христовото враќање, задачата што сме ја добиле – да ја проповедаме оваа порака – сето тоа мора да биде средиште на нашето проповедање и учење.

Да живееме во очекување на Христовото враќање, подразбира многу повеќе отколку само интелектуално разбирање и прифаќањето на доктрините. Чекањето на Неговото враќање е убедување кое најдобро можеме да го изразиме преку начинот на кој живееме. Тоа ги насочува нашите секојдневни активности и ги обликува нашите одлуки. Како Негова црква, нашиот идентитет, вредности и мисија се нераскинливо поврзани со уверувањето дека Исус повторно доаѓа како што ветил. Ако го изгубиме тоа од вид, ќе пропаднеме.

Додека живееме како заедница која ги практикува сите свои вредности и принципи, се молам да веруваме не само во Господа, туку да бидеме верни и едни на други. Додека се држиме цврсто за суштината на нашиот идентитет, треба да се усогласиме едни со други имајќи доверба, верувајќи дека, под водството на Светиот Дух, можеме да одиме напред, обединети во верата и мисијата.

**Градиво за саботна школа**

**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ**
4/2024

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
**Илија Киров**

**За интерна употреба**